USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# ГРАНТОВИ ЗА БРЗ ОДГОВОР

ПРОГРАМА: „ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА“

## УПАТСТВО ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Повик за апликации бр. 14-31/1-2024

Рок: 4 март 2024 г., 13:00 часот

# СОДРЖИНА

1. ПОЗАДИНА НА ПОВИКОТ ..... 3
1.1 ЗА ПРОГРАМАТА „ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА“ ..... 3
1.2 ЗА КОМПОНЕНТАТА „ГРАНТОВИ И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ“ ..... 3
1.3 ЗА ПОВИКОТ ЗА ГРАНТОВИ ЗА БРЗ ОДГОВОР ..... 4
1.3.1 Цел и резултати ..... 4
1.3.2 Расположливи средства ..... 5
1.3.3 Времетраење ..... 5
1.3.4 Кофинансирање ..... 5
2. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ ..... 5
2.1 Кој може да аплицира? ..... 5
2.2 Активности ..... 5
2.3 Трошоци ..... 6
3. ПРОЦЕС НА АПЛИЦИРАЊЕ ..... 7
3.1 Аплицирање ..... 7
3.2 Краен рок ..... 7
3.3 Прашања и одговори ..... 7
3.4 Информативни сесии ..... 8
4. ОЦЕНКА НА АПЛИКАЦИИ ..... 8
4.1 Административна проверка и проверка за подобност ..... 8
4.2 Оценка на квалитет ..... 8
5. ПРЕЛИМИНАРНА ВРЕМЕНСКА РАМКА ..... 9

# 1. ПОЗАДИНА НА ПОВИКОТ

## 1.1 ЗА ПРОГРАМАТА „ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА“

Во изминатата деценија, граѓаните се сведоци на демократско назадување на различни нивоа, често поврзани со корупција. Таа продолжува да ја нагризува довербата во институциите и да ја ослабнува отчетноста и одговорноста. Согласно Извештајот за проценка на корупција во Северна Македонија за 2023 година, корупцијата по втор пат е на врвот на скалата на општествените проблеми. Во 2023 г. 63,5% од граѓаните ја препознаа корупцијата како проблем кој најмногу ги засега, а постоењето морална криза во нашето општество е главен фактор за распространетост на истата. Во 2023 г. 31,3% од граѓаните биле изложени на корупстивен притисок, додека 25,5% биле вклучени во корупција. Согласно истражувањата, корупцијата е навлезена во сите сфери на судската, извршната и законодавната власт. Министрите, пратениците, судиите и лидерите на политичките партии и коалиции се перципирани како најкорумпирани. Над 80,0% од граѓаните ги сметаат овие функции за најкорумпирани.

За да се справиме со растечката фрустрација и апатија поради проблемот со корупцијата во земјата, од витално значење да се создадат партнерства меѓу граѓанското општество, медиумите, приватниот сектор и граѓаните. Овие актери мора да ги зајакнат своите капацитети, ангажман и активности за унапредување на реформите и активно да работат на минимизирање на штетите од корупцијата.

**Општа цел на програмата** „Граѓаните против корупцијата“ (ГПК) е да се зголеми вклученоста и соработката на граѓаните, граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор во борбата против корупцијата, што ќе доведе до подобрување на реакцијата на државните институции и ефективност во справувањето со корупцијата во сите сектори на национално и локално ниво.

Целокупниот пристап на ГПК се заснова на подигање на свеста и широка акција која ги обединува сите недржавни актери (граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор) да направат промена.

ГПК е спроведувана од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), Институтот за демократија „Социетас Цивилис“, Скопје (ИДСЦС), Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ), 360 Степени, Истражувачка репортерска лабораторија, Македонија (ИРЛ) и Балканска истражувачка репортерска мрежа, Македонија (БИРН). Програмата е финансирана од **Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД/Северна Македонија**, а периодот на спроведување е **3 април 2023 - 2 април 2028** година.

## 1.2 ЗА КОМПОНЕНТАТА „ГРАНТОВИ И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ“

Граѓанското општество низ целиот свет игра важна улога во борбата против корупцијата и промовирањето на транспарентноста, отчетноста и доброто владеење. За таа цел, компонентата „Грантови и градење на капацитети“ како дел од ГПК се стреми да го зајакне придонесот на граѓанското општество во антикорупциските напори преку грантова шема и градење на капацитети. Преку оваа компонента ќе биде обезбедена финансиска поддршка за граѓански организации за реализација на иновативни идеи за зголемување на јавната свест и интеракција со граѓаните, застапување и медиумски кампањи и активности во локалните заедници кои ја адресираат корупцијата на грасрут ниво. Дополнително преку грантовата шема ќе бидат зајакнати и антикорупциските капацитети, соработката, и интегрирање на граѓанските организации во националните мрежи и иницијативи. Преку градење на капацитетите, менторство и мониторинг, компонентата успешно ќе ги подобри

вештините и способностите на граѓанските организации, овозможувајќи им активно учество во борбата против корупцијата и промовирање на доброто владеење.

**Видови на правни лица кои можат да бидат добитници на грант**: сите здруженија и фондации регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации (ЗЗФ) во Република Северна Македонија, како и неформални национални мрежи кои работат во полето на добро владеење и борба против корупција.

Регрантирањето во рамки на ГПК предвидува **три видови на грантови**:

1. **Мали грантови** за постигнување на конкретни резултати со поедноставен процес на аплицирање;
2. **Средни грантови** преку кои ќе бидат поддржани долгорочни акции, градење на капацитети на релевантни институции и постигнување на структурни промени; и
3. **Грантови за брз одговор** кои ќе поддржат специфични акции за актуелни теми и предизвици кои ги засегаат граѓаните.

**Овој повик за доделување грантови за граѓански организации се однесува на третиот тип грантови, односно Грантови за брз одговор. Потенцијалните добитници на Грант за брз одговор, нема да бидат исклучени од можноста за аплицирање на некој од другите видови на грантови.**

## 1.3 ЗА ПОВИКОТ ЗА ГРАНТОВИ ЗА БРЗ ОДГОВОР

### 1.3.1 Цел и резултати

**Целта** на повикот за грантови за брз одговор е да се преземат итни, вклучувачки и влијателни акции за актуелни потреби и предизвици поврзани со корупцијата.

Поднесените апликации на организациите во рамките на овој повик треба да придонесат за постигнување на најмалку еден од следните **резултати**:

1. Зголемено вклучување и акција на граѓаните, заедниците и граѓанските организации во превенцијата, откривањето и пријавувањето на корупција.
2. Постигната соработка помеѓу граѓански организации, медиуми и други засегнати страни за спроведување на сеопфатен и координиран одговор/и на корупцијата или нејзините штетни последици.
3. Засилена контрола на граѓаните за антикорупциските заложби на политичките партии во изборниот процес.
4. Зголемена транспарентност на изборниот процес и промоција на механизми за отчетност.
5. Поинформиран и поангажиран електорат.

Во овој повик се преферира предложените акции и интервенции поврзани со корупција да се однесуваат на претстојните претседателски и парламентарни избори во Република Северна Македонија. Сепак не се исклучува можноста за доставување на апликации кои предвидуваат акции за брз одговор за други области подложни на корупција.

Примери за посакувани крајни продукти од овој повик се:

- Брзи и ефективни акции за борба против корупција;
- Решенија за подобрување на транспарентноста во изборниот процес;
- Интерактивни и мултимедијални содржини во насока на разбирање и борба со корупцијата;
- Едукативни материјали насочени кон подигање на свеста за ризиците од корупција;

- Алатки и платформи за следење и пријавување на корупциски инциденти;

### 1.3.2 Расположливи средства

Вкупната сума која е на располагање за Грантовите за брз одговор изнесува 6.720.000 денари ($ 120.000).

**Минимален износ за кој може да се достави апликација за грант е 224.000 денари ($4.000), додека максимален износ е 560.000 денари ($10.000).**

Со овој повик предвидено е да се доделат најмногу 5 грантови.

МЦМС го задржува правото да ја смени оваа сума (намали или зголеми) во зависност од исходот на повикот. МЦМС исто така го задржува правото да не додели дел или сите расположливи средства и да ги пренамени за други повици.

### 1.3.3 Времетраење

Ќе бидат поддржани предлог-проекти кои траат **минимум 2 месеци и максимум 5 месеци**. Периодот на спроведување ќе биде прецизно договорен со потпишување на договорот за грант.

### 1.3.4 Кофинансирање

Кофинансирање во рамки на овој повик се охрабрува, но истото не е задолжително.

# 2. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

## 2.1 Кој може да аплицира?

На овој повик може да аплицираат граѓански организации и мрежи на граѓански организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) кои го исполнуваат следниот услов:

- да се регистрирани најмалку **една година** пред објавата на повикот.

На повикот може да аплицираат и неформални мрежи на граѓански организации. Нивната апликација ја поднесува граѓанска организација членка на мрежата, со претходно добиено одобрение од мнозинство на членки, која мора да биде граѓанска организација регистрирана согласно ЗЗФ најмалку една година пред објавата на повикот.

Ова е индивидуален грант и нема да биде поддржана апликација во партнерство со две или повеќе организации/мрежи. Една организација/мрежа може да поднесе само со **една апликација** во рамките на повикот.

ГПК ги охрабрува сите организации кои работат во различни сектори и географски региони и кои имаат добри идеи за тоа како да се вклучат во борбата против корупцијата да се пријават на овој повик.

## 2.2 Активности

Грантовите ќе бидат доделени за активности кои ќе придонесат кон остварување на целите на ГПК и на овој повик, односно активности насочени кон намалување на ранливоста на корупција и дејствување кога таа ќе се појави. Активностите се спроведуваат на територијата на Република Северна Македонија.

Активностите наведени подолу се само пример за подобни активности, но апликантите не треба да се ограничуваат само на овие видови активности:

- Брзи и ефективни интервенции кои се однесуваат на предизвиците поврзани со корупцијата за време на изборниот период;
- Промовирање на транспарентноста и отчетноста на изборниот процес и минимизирање на нерегуларностите и манипулациите;
- Подигање на јавната свест за корупцијата и вклучување на граѓаните во преземање акции за промена;
- Инцијативи за промовирање на етичко однесување на политичките партии и кандидати оневозможувајќи ги коруптивните практики и поттикнувајќи култура на интегритет;
- Иницијативи за вклучување на ранливите заедници и нивно едуцирање за нивните права во изборниот процес;
- Иницијативи предводени од младите за превенција и справување со корупција;
- Поддршка на локални настани за зајакнати заеднички напори во борбата со корупцијата во заедниците;
- Акции за борба против корупција во различни сектори, на локално и национално ниво.
- Активности/иницијативи/кампањи на локално и национално ниво за барање на одговорност и отчетност од страна на носителите на функции и институции.
- Промовирање на најдобрите практики и хелои во борбата против корупцијата.

Апликантите не треба да се фокусираат само на еден тип активности. Активностите предвидени во апликациите треба да вклучат кохерентен комплет на активности со јасно определени цели и планирани резултати. Активности кои не се споменати погоре, но се јасно поврзани со целта и резултатите на повикот, ќе бидат земени предвид. МЦМС по потреба ќе работи со апликантите за подобрување и усогласување на предложените активности со целите на ГПК.

Активности кои ќе бидат насочени кон поддршка на политичка партија, конкретна изборна кампања, влијание на гласачи за одредени политички ентитети и други активности кои може да имаат исто или слично влијание, нема да се сметаат за подобни.

**Напомена**

Организациите кои ќе бидат корисници на грантови се очекува да се вклучат и во други активности кои се дел од ГПК, како на пример:

- Да земат учество во заеднички настани за промоција на продуктите од спроведените грантови;
- Да земат учество во серија обуки наменети за јакнење на капацитетите и знаењата;
- Да земат учество во настани за вмрежување, конференции и работилници;
- Доколку е потребно, да бидат менторски водени за време на спроведувањето на грантот.

## 2.3 Трошоци

Во рамките на овој повик вообичаените оперативни трошоци ќе бидат подобни, вклучително:

- трошоци за бруто-плата за персоналот вклучен во реализирањето на грантот;
- патни трошоци поврзани со активностите во проектот, вклучувајќи локални и меѓународни патни трошоци;
- директни трошоци настанати за време на фазата на спроведување на предлог-предложените активности (вклучително и трошоци за надворешни лица/експерти од кои ќе се побара стручна поддршка);
- канцелариски трошоци кои се релевантни за предложените активности.

Во рамките на овој повик **нема да се сметаат за подобни** следните трошоци:

- трошоците кои се финансирани од друга програма и донатор;
- предлог-активности кои предвидуваат лична заработка и корист;
- за купување возила и мебел;
- за купување или реновирање недвижнини;
- за купување ИТ опрема;
- за давање кредити на трети лица;
- за загуби при размена на валути;
- за финансирање политички партии и избори;
- за ретроспективно финансирање;
- за финансирање на трети лица и долгови и давачки за подмирување долгови;
- за активности поврзани само или во најголемиот дел со индивидуални спонзорства; за учество во работилници, семинари, конференции и конгреси и други настани;
- за регрантирање.

# 3. ПРОЦЕС НА АПЛИЦИРАЊЕ

## 3.1 Аплицирање

На овој повик се аплицира по електронски пат. Аплицирањето ќе се одвива во една фаза, односно директно ќе се аплицира со целосна пријава. Апликантите најпрвин мора да креираат профил на платформата: **www.grants.mk** (преземи Водич за креирање профил). Потоа треба да се регистрираат за конкретниот повик за Грантови за брз одговор.

Целосната пријава за овој повик вклучува пополнување и прикачување на grants.mk на:

- **Формулар за аплицирање** (word document)
- **Буџет и оправданост на буџетот** (excel document)
- **Изјава на апликантот** (со печат и потпис – pdf document)
- Само во случај кога апликант е неформална мрежа - **Согласност на членките на мрежата, конкретна членка да аплицира во име на неформалната мрежа** (со печат и потпис – pdf document)

## 3.2 Краен рок

Краен рок за поднесување на пријавите е **4 март 2024 г. до 13:00 часот** (македонско време). Апликантите ќе бидат известени преку е-пошта за приемот на нивната комплетна апликација.

## 3.3 Прашања и одговори

Заинтересираните организации може да поставуваат прашања поврзани со повикот за Грантови за брз одговор на следната адреса: gpk-grants@mcms.mk. Во назнака на пораката треба да се внесе референтниот број за овој повик: 14-31/1-2024.

Прашањата може да бидат поднесени не подоцна од 26 февруари 2024 година. МЦМС ќе одговори на сите прашања, не подоцна од 7 календарски денови пред крајниот рок на овој повик. Одговорите на сите поставени прашања ќе бидат објавени на веб-страницата на МЦМС и на социјалните медиуми на програмата „Граѓаните против корупцијата“.

МЦМС ги поттикнува апликантите редовно да ги следат веб и фејсбук страниците на ГПК (ГПК | Instagram, Facebook | Linktree), за да бидат навремено и соодветно информирани за најновите прашања/одговори.

### 3.4 Информативни сесии

МЦМС ќе одржи една информативна сесија за овој повик, која ќе биде онлајн и е планирана за 20 февруари 2024 година, во 12 часот. Сите заинтересирани организации може да го пријават своето учество на следниот линк: https://forms.office.com/e/LiJBfj473N?origin=lprLink.

## 4. ОЦЕНКА НА АПЛИКАЦИИ

Оценувањето на апликациите ќе се одвива во две фази и тоа: административна проверка и проверка за подобност и оценка на квалитет.

### 4.1 Административна проверка и проверка за подобност

Проектниот тим ќе направи административна проверка и проверка подобноста на апликациите согласно следните критериуми:

- **Краен рок.** Доколку е запазен, апликацијата ќе се прифати, во спротивно ќе биде одбиена;
- **Формулар за аплицирање.** Сите делови треба да бидат пополнети согласно дадените насоки во формуларот;
- **Буџет.** Буџетот и оправданоста на буџетот се уредно пополнети;
- **Јазик.** Апликацијата е поднесена на македонски јазик;
- **Апликант**. Апликантите се регистрирани граѓански организации или мрежи на граѓански организации најмалку една година пред објавата на повикот, со исклучок на неформалните мрежи, согласно насоките во точка 2.1 од ова Упатство;
- **Барањето за грант** е помеѓу **224.000 денари** и **560.000 денари;**
- **Времетраење** на грантот е помеѓу 2 и 5 месеци;
- **Број на пријави.** Апликантот поднел само една пријава.

МЦМС ќе ги провери и обработи и следниве податоци:

- **Основни податоци.** Апликацијата ги вклучува сите побарани основни податоци;
- **Географски, секторски и тематски опфат.** Апликацијата ги вклучува бараните податоци за локацијата, секторското и тематското дејствување на апликантот.

### 4.2 Оценка на квалитет

| Критериуми за оценка | Број на бодови |
|---|---|
| **1. Организациски капацитет за спроведување на предложените активности** | **20** |
| 1.1 Дали апликантот има доволно искуство и организациски капацитети за спроведување на активностите? | 10 |
| 1.2 Дали претходно спроведените иницијативи/активности на апликантот се релевантни на темата? | 10 |
| **2. Релевантност на апликацијата со дефинираните цели и резултати на повикот** | **50** |
| 2.1 Дали апликацијата е во согласност со поставените цели и очекувани резултати наведени во повикот? | 15 |
| 2.2 Дали предложените активности се соодветни, изводливи и во согласност со поставените цели и резултати? | 15 |
| 2.3 Дали методологијата и пристапот се соодветни за планираните активности/ | 10 |
| 2.4 Дали постојат јасно дефинирани индикатори за мерење на постигнувањата? | 10 |

| **3. Буџет и ефикасност на трошоците** | **30** |
|---|---|
| 3.1 Дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот? | 15 |
| 3.2 Дали односот помеѓу предвидените трошоци и очекуваните резултати е соодветен? | 15 |
| **ВКУПНО** | **100** |

**Додадена вредност:** Поголемиот акцент на граѓаните и нивната вклученост во акциите за брз одговор ќе се смета за додадена вредност на апликациите.

**Добитни апликации** на Грантовите за брз одговор ќе бидат оние кои ќе добијат најголема просечна оценка од трите точки од горната табела за оценување.

Согласно одлуката на Комисијата за избор на грантови, секој апликант ќе добие известување за статусот на својата апликација. Содржината на апликациите нема да биде достапна за пренесување на трети лица. На сите апликанти чиишто апликации ќе бидат прелиминарно одобрени од страна на Комисијата, може да им биде побарано да достават дополнителни административни, правни и финансиски документи.

## 5. ПРЕЛИМИНАРНА ВРЕМЕНСКА РАМКА

| | |
|---|---|
| Отворање на повикот за грантови | 13 февруари 2024 г. |
| Информативна сесија | 20 февруари 2024 г. |
| Рок за поставување на прашања | 26 февруари 2024 г. |
| **Краен рок за поднесување на пријави** | **4 март 2024 г., 13:00 ч.** |
| Одлука на Комисијата за избор на грантови | март 2024 г. |
| Известувања и потпишување договори | март 2024 г. |